ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и

Ардиан Џеладини, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии,

Виолета Стојановска Петровска, државен советник во Министерството за финансии и

Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација

Скопје, јуни 2013 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-3647/1
11.06.2013 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, што го утврди на седницата, одржана на 11.06.2013 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и Ардиан Џеладини, заменик на министерот за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Подготвил: Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација (Службен весник на РМ бр.37/02, 89/08, 161/09 и 6/12) е уреден начинот и постапката на издавање на обврзниците за денационализација, кои се даваат како надомест за имотот одземен во корист на државата врз основа на прописите со кои е вршено општо одземање и ограничување на сопственоста, врз основа на прописите за одземање на имот заради остварување на општокорисни цели, како и имот експроприран заради остварување на општокорисни цели, односно општ интерес, ако не се исполнети условите за враќање на имотот според одредбите за експропријација и одземање без правна основа.

Во Законот се предвидени 12 емисии на обврзници за денационализација, а Владата на Република Македонија со одлука годишно го утврдува износот на обврзниците што ќе се издаваат. Годишниот износ се утврдува врз основа на надоместокот даден во обврзници со решенијата кои станале правосилни во тековната година.

Процесот на денационализација заврши во првостепена постапка, но дел од решенијата не се конечни, односно по истите се води управен спор. Според податоците на Министерството за финансии, од јуни 2000 година до крајот на декември 2007 година (во законскиот рок за поднесување на барањата за денационализација) вкупно се поднесени 30.744 барања. Од вкупно поднесените барања конечни се 25.957 предмети, а 4.787 предмети се во повторна постапка пред првостепените комисии, Управниот суд, Државната второстепена комисија и Вишиот управен суд.

За да се овозможи исплата по овие предмети по нивната правосилност, има потреба од зголемување на бројот на емисиите на обврзници за денационализација.

Со Предлог законот се предлага дополнително издавање на уште две емисии на обврзници за денационализација, со цел исплата на обврзниците кои ќе бидат утврдени со решенијата кои ќе станат конечни во претстојниот период.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Донесувањето на Законот за изменување на Законот за издавање на обврзници за денационализација е со цел зголемување на бројот на емисии на обврзници за денационализација од дванаесет на четиринаесет, како би можело да се опфатат предметите за денационализација по кои се одлучува во повторна постапка, а за кои е потребно дополнително издавање на обврзници.

Законот за изменување чие донесување се предлага се заснова врз истите начела на кои се засновало донесувањето на основниот закон.

Основно решение што се предлага со законот е зголемување на бројот на емисии на обврзници за денационализација од дванаесет на четиринаесет.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на Законот што се предлага, потребни се финансиски средства во износ од околу 30,0 милиони евра, по 15,0 милиони евра за Тринаесетата и Четиринаесетата емисија на обврзници за денационализација. Исплатата на обврзниците ќе се врши започнувајќи од 2015 година во наредните десет години.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на Законот ќе се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија започнувајќи од 2015 година.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

Член 1

Во Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/02, 89/08, 161/09 и 6/12) во членот 2 став 2 бројот "12" се заменува со бројот "14".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за издавање на обврзници за денационализација е утврдено дека Република Македонија во наредните дванаесет години ќе врши еднаш годишно по една емисија на обврзници за денационализација. Започнувајќи од 2002 година до сега Република Македонија изврши дванаесет емисии на обврзници за денационализација во вкупен износ од 316,0 милиони евра.

Со Предлог законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација се предлага зголемување на бројот на емисии на обврзници за денационализација од дванаесет на четиринаесет, за да се овозможи исплата по решенијата за денационализација кои сеуште не се конечни во управна постапка.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбата која се предлага во Предлог на законот е во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Како резултат на дополнителните две емисии кои се предлагаат, со Предлог законот ќе се овозможи исплата по предметите за денационализација по кои се водат спорови, а во кои како надоместок ќе се дадат обврзници.

ИЗВОД НА ОДРЕДБА ОД
ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА ШТО СЕ ИЗМЕНУВА

Член 2

Република Македонија издава обврзници за намирување на обврските по основа на надоместот кој во постапката за денационализација се дава во вид на обврзници (во натамошниот текст: обврзници за денационализација).

Република Македонија во наредните 12 години ќе врши еднаш годишно по една емисија на обврзници за денационализација.

Владата на Република Македонија, со одлука годишно го утврдува износот на обврзниците за денационализација кои се издаваат.

Годишниот износ на обврзниците за денационализација кои ќе се издаваат ќе зависи од висината на надоместокот утврден со конечни решенија во постапката за денационализација.

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| 1. **Назив на предлогот:**<br>Предлог на Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација | 2. **Министерство/ орган на државна управа :**<br>Министерство за финансии |
| 3.**Цел на предлогот:** Одобрение за донесување на Предлог на закон | 4. **Вид на предлог :** |
| 5. **Контакт лице и звање:**<br>Ленче Тагасовска, раководител на сектор | 6. **Контакт тел/факс или е-пошта**<br>+389 2 3106-746 / *lence.tagasovska@finance.gov.mk* |

7. **Активност**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8.**Вид на барање** | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( x ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програна<br><br>( ) Зголемување/ намалување на постоечката програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

**Цел на барањето/предложената активност:**

Со измената на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација се предлагаат дополнителни две емисии на обврзници за денационализација

**Врска со владината програма:**

**Фискални импликации:**

| | (илјади денари ) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Тековна год** | **Втора год** | **Трета год** | **Четврта год** |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати- надоместоци<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | – | – | 110.700 | 219.550 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал | – | – | – | – |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| V. В. Промена (разлика) од одобрените средства<br>(Б-А)<br>Плати- надоместоци<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | – | – | – | – |
| G. Г.Расположиви средства од прелевање(од други активности или програми во органот)<br>Плати- надоместоци<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | – | – | – | – |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати- надоместоци<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | – | – | – | – |
| Ѓ. Намалувањена приходите | - | - | - | - |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>________________________ | – | – | – | – |
| **12.Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот** | – | – | – | – |
| **13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат од Владата( а кои не се наведени во точка 11А до 11Г )** | – | | | |
| **14. Ако ова претставува барање за дополнителни средствово тековната фискална година или е надвор од** | – | | | |

| | |
|---|---|
| нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение | |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | |
| 17. Дата на добивање одговор од Министерството за финансии | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | |
| 19. Одговор на Министерството-предлагач | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |
| Одобрено/Дата: ______ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ______.2013 год. | Заменик претседател на Влада и министер за финансии м-р Зоран Ставрески |

Изготвил: Стефан Додов
Одобрил: Ленче Тагасовска
Согласен: Виолета Стојановска Петровска